ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 10 – 170/8

Дата: 13.09.2010

ДО
ДИРЕКТОРОТ НА
АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши финансиска ревизија на компонентата на финансиските извештаи Плаќања на надоместоци од Агенцијата и ревизија на усогласеност во делот на остварување на права од осигурување во случај на невработеност и на реализација на активните програми и мерки за вработување во Агенцијата за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) за 2009 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2008 година, издадено е позитивно мислење и дадени се 3 препораки.

Од дадените три препораки во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2008 година, заради отстранување на утврдените неправилности, две препораки се спроведени а спроведувањето на една препорака е во тек.

Ревизијата констатираше законитост во спроведувањето на постапката за остварување на правото на паричен надоместок и објективност во спроведувањето на активните програми и мерки за вработување согласно Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година за што е дадено позитивно мислење.

*Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор*

**1.**____________________ | ________________________
2.____________________
3.____________________

Во текот на ревизијата на постапката за остварување на правото на паричен надоместок, кај мал број од ревидираните предмети, констатирани се следните состојби:

- поради мал број на извршители во одделни центри за вработување постапката за остварување на правото на паричен надоместок се спроведува од страна на едно лице,
- вршени се исплати по донесени решенија во минати години, кои не се засновани врз комплетна документација и
- пресметката на висината на паричниот надоместок е вршена врз основа на податоци за исплатени плати издадени од страна на работодавачот и истите не соодветствуваат со податоците искажани во прегледите издадени од Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија.

Во текот на ревизијата Агенцијата превзема мерки за преиспитување на донесените решенија кај кои беа констатирани ваквите недоследности и активности за воспоставување на контрола во постапката за остварување на правото на паричен надоместок.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме финансиска ревизија на компонентата на финансиските извештаи Плаќања на надоместоци од Агенцијата и ревизија на усогласеност во делот на остварување на права од осигурување во случај на невработеност и реализација на активните програми и мерки за вработување во Агенцијата за вработување на Република Македонија (во понатамошниот текст Агенција) за 2009 година.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Агенција за вработување на Република Македонија за 2008 година и е изразено позитивно мислење.
Државниот завод за ревизија за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија, како составен дел на ревизија на финансиските извештаи има извршено ревизија во делот на Посебниот фонд за обезбедување услови за вработување и работење на инвалидните

лица (во понатамошниот текст Посебен фонд) и во делот на Права на осигурување во случај на невработеност – паричен надоместок (во понатамошниот текст паричен надоместок ).

1.4. Одговорност за законското остварување на правата од осигурување во случај на невработеност и спроведувањето на активните програми и мерки за вработување е на директорот на Агенцијата и на раководителите на Центрите за вработување на Агенцијата дадени во Прилог број 1, застапувана од:

- Билјана Јовановска, Директор на Агенција за вработување на Република Македонија.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на компонентата од финансиските извештаи на Агенцијата за 2009 година Плаќања на надоместоци од Агенцијата во делот на остварување на права од осигурување во случај на невработеност и спроведување на активните програми и мерки за вработување која што е ослободена од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во компонентата од финансиските извештаи на Агенцијата за 2009 година Плаќања на надоместоци од Агенцијата во делот на остварување на права од осигурување во случај на невработеност и спроведување на активните програми и мерки за вработување, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за наведеното во точка 1.1. врз основа на извршената ревизија.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали остварувањето на правата од осигурување во случај на невработеност и спроведувањето на активните програми и мерки за вработување, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на финансиската ревизијата на компонентата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали компонентата на финансиските извештаи е ослободена од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали компонентата на финансиските извештаи е изготвена, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и

Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на компонентата на финансиските извештаи Плаќање на надоместоци од Агенцијата е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во компонентата на финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Компонентата на финансиските извештаи Плаќања на надоместоци од Агенцијата која е предмет на овој извештај е заснована врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали:

- остварувањето на правото на паричен надоместок е обезбедено со соодветната законска регулатива;
- активните програми и мерки за вработување се спроведени согласно Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2009 година;
- Централната служба на Агенцијата и Центрите за вработување надлежни за остварување на правото на паричен надоместок и спроведување на активните програми и мерки за вработување располагаат со комплетна и веродостојна документација како доказ за оствареното право на паричен надоместок и спроведените активни програми и мерки за вработување;

- воспоставениот систем на остварување на правото на паричен надоместок и спроведувањето на активните програми и мерки за вработување обезбедува социјална сигурност и социјално осигурување на невработените лица односно намалување на стапката на невработени лица во Република Македонија согласно начелото на социјална праведност.

Ревизијата вклучува анализа на законската регулатива од областа на: системот за вработување и осигурување во случај на невработеност, за обезбедување услови за вработување и работење на инвалидните лица, за активните програми и мерки за вработување согласно Оперативниот план за 2009 година, организационата поставеност и функционирањето на внатрешните контроли, процедурите во сите фази од спроведување на постапката за остварување на паричниот надоместок и активните програми и мерки за вработување. Информациите за извршената ревизија се добиени преку:

- законска регулатива, интерни упатства и прирачници кои се однесуваат на активностите: од областа на системот за вработување и осигурување во случај на невработеност, за обезбедување услови за вработување и работење на инвалидните лица и за активните програми и мерки за вработување согласно Оперативниот план;
- анализа на базите на податоци: база на податоци за исплата на правото на паричен надоместок во случај на невработеност, база на податоци за исплата на активните програми и мерки за вработување/Менаџмент информатички систем и база на податоци за финансиско сметководственото работење;
- интервјуа со раководството и непосредните извршители во секторите за спроведување на постапките и
- ревизија на субјектите кои користат неповратни средства од Посебниот фонд и субјекти корисници на финансиска помош во согласност со Оперативниот план.

Проверката на функционирањето на постапката за остварување на правото паричен надоместок и спроведувањето на активните програми и мерки за вработување е извршена во Централната служба на Агенцијата и Центрите за вработување во Скопје, Прилеп, Битола, Делчево, Кочани, Штип и Струга, со примена на контроли кои се однесуваат на организацијата и начинот на вршење на работите во постапката,

подзаконската регулатива, пишаните процедури, пресметката, исплатите и нивно евидентирање.

Во текот на 2009 година исплатени се социјални бенефиции и тоа за:

- бенефиции за невработени - право на паричен надоместок и активни програми и мерки за вработување на невработени лица,
- надоместоци за преквалификации,
- надоместоци за вработување на инвалидни лица,
- придонеси за пензиско осигурување за невработени и придонеси за здравствено осигурува за лица корисници на паричен надоместок,

во вкупен износ од 2.584.728 илјади денари (графикон број 1), што претставува 58,83% од вкупно извршените расходи на Агенцијата. Од вкупно исплатените социјални бенефиции за правото на паричен надоместок исплатени се средства во бруто износ од 2.047.363 илјади денари, а за спроведување на активните програми и мерки исплатени се средства во износ од 537.365 илјади денари од Буџетот на Агенцијата.

**Графички приказ на вкупните расходи на Агенцијата**




**Графикон број 1**

Ревизијата од точка 1.1 погоре е планирана и извршена во периодот од 10.03. до 18.06.2010 година кај Агенција за вработување на Република Македонија и тоа во Централната служба на Агенцијата и во Центрите за вработување Скопје, Прилеп, Битола, Делчево, Кочани, Штип и Струга, од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР во претходната година. Резултатите од оваа ревизија се дадени во прилог број 2.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица во Агенцијата.
Не се примени забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 10-177/4 од 04.08.2010 година.
Со ревизија на компонентата на финансиските извештаи Плаќања на надоместоци од Агенцијата и ревизија на усогласеност во делот на остварување на права од осигурување во случај на невработеност и реализација на активните програми и мерки за вработување во Агенцијата за 2009 година, ревизија го утврди следното:

### 4.1. Усогласеност со закони и прописи

Со извршениот увид на Годишниот извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за 2009 година, ревизијата констатира дека од страна на Одделението за внатрешна ревизија на Агенцијата не е извршена ниту една од планираните ревизии и покрај донесениот План за внатрешна ревизија за 2009 година на единицата за внатрешна ревизија во Агенцијата за вработување на Република Македонија, што не е во согласност со Законот за внатрешна ревизија во јавниот сектор. Ваквата состојба укажува дека внатрешната ревизија не одговорила на основните задачи утврдени со законот, со што се нарушени принципите на внатрешната ревизија и предизвикана е неможност на раководителот на субјектот да му се обезбеди

независно, објективно оценување и давање на препораки за подобрување на работењето на субјектот.

Поради мирување на работниот однос на Раководителот на Одделението за внатрешна ревизија во Централната служба на Агенцијата, од страна на Директорот на Агенцијата со одлука назначени се Раководител на Одделението за внатрешна ревизија и советник – внатрешен ревизор.

Во текот на вршење на ревизијата, на ревизијата и беше доставена информација за реализација на Планот за извршување на внатрешната ревизија за 2010 година, согласно која во тек е спроведување на планираните ревизии, поради што, за овој дел од утврдената состојба, ревизијата не дава препорака.

## Права на осигурување во случај на невработеност

Согласно Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност невработените лица ги остваруваат следните права на осигурување:

- паричен надоместок;
- право на здравствена заштита во согласност со прописите за здравствена заштита.

Согласно одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување (Службен весник на РМ бр.142/1008, 64/2009 и 156/09) и Законот за здравствено осигурување (Службен весник на РМ бр.25/00.......14/2010), почнувајќи од 1 јуни 2009 година, привремено невработеното лице додека прима паричен надоместок и невработеното лице кое активно бара работа и кое се пријавува во Агенцијата, правото на задолжително здравствено осигурување го остварува преку Фондот за здравствено осигурување на Македонија, кој е обврзник за пресметка и уплата на придонесот за задолжително здравствено осигурување.

Правата на осигурување во случај на невработеност согласно Законот за вработувањето и осигурувањето во случај на невработеност се остваруваат во Агенцијата, односно во Центарот за вработување каде што е евидентирано невработеното лице.

Право на паричен надоместок има невработено лице кое било во работен однос најмалку 9 месеци непрекинато или 12 месеци со прекин во последните 18 месеци.

Право на паричен надоместок има невработено лице за времето поминато во работен однос, за кое се уплатувани придонеси од задолжително социјално осигурување и тоа:

- во работен однос со полно работно време;
- во работен однос со неполно работно време, пресметано во полно работно време;
- во работен однос на определено работно време и
- за работа во странство.

Висината на месечниот паричен надоместок за време на невработеност се утврдува врз основа на пресметаните и исплатени плати кај работодавачот согласно со закон, колективен договор и договор за вработување и изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца за лице кое има право на паричен надоместок до 12 месеца, а за лице кое има право на паричен надоместок подолго од 12 месеца, паричниот надоместок за првите 12 месеца изнесува 50% од просечната месечна нето плата на работникот за последните 24 месеца, а за преостанатото време 40% од просечната месечна нето плата.
Заклучно со месец декември 2009 година право на паричен надоместок користеле 24.648 невработени лица, односно 7,2% од вкупно евидентираните невработени лица во месец декември 2009 година.

Од вкупно исплатените социјални бенефиции за правото на паричен надоместок исплатени се средства во бруто износ од 2.047.363 илјади денари, од кои исплатите по основ на паричен надоместок за редовни корисници, стечајни работници и технолошки вишок изнесуваат 1.888.246 илјада денари, што претставува 92,23% од вкупно исплатените средства, прикажано во графиконот број 2.

**Структура на исплатени средства за видови права на паричен надоместок**




**Графикон број 2**

Поради големото учество на горенаведените надоместоци (92,23%), ревизијата изврши проверка на функционирањето на постапката за остварување на право на паричен надоместок за редовни корисници, стечајни работници и технолошки вишок, со примена на контроли кои се однесуваат на организацијата и начинот на вршење на работите во постапката, подзаконската регулатива, пишаните процедури, законитоста на остварувањето на правото на паричен надоместок, точноста на пресметката, исплатите и нивно евидентирање.

Врз основа на податоците добиени од базата на податоци за исплата на правото на паричен надоместок во 2009 година во случај на невработеност утврден е примерок од 357 предмети за признавање на право на паричен надоместок (донесени решенија во минати години и во 2009 година) и тоа во Центрите за вработување Скопје, Прилеп, Битола, Делчево, Кочани, Штип и Струга.

4.2. Ревизијата ги констатира следните состојби во постапката за остварување на правото на паричен надоместок за време на невработеност:

- За донесените решенија за признавање на правото на паричен надоместок заклучно со месец август 2006 година, освен одредбите од законот, не е донесена методологија, интерни акти/упатства кои би го регулирале процесот на одлучување и донесување на решение за право на користење на паричен надоместок во случај на невработеност и исплата по истото, со што би се избегнале случајни грешки или измами;
- не е извршено разграничување на одговорностите и должностите (мал број на извршители во одделни центри за вработување). Комплетирањето на документацијата, внесот на потребните податоци, компјутерската изработка на Пресметката на висината на паричниот надоместок, изработката на Решение за признавање на право на паричен надоместок, негова авторизација и проследување на предметот во понатамошна постапка на остварување на правото на паричен надоместок за авторизација од страна на раководителот, се врши од страна на едно лице и
- одредени решенија, донесени во минати години за признавање на ова право, не се засновани врз комплетна поткрепувачка документација, со што е оневозможено утврдување на реалната состојба за признавање на правото како и можност од случајни грешки. Во текот на известувачкиот период од вршењето на ревизијата, раководното лице на Агенцијата формира комисија за утврдување на фактичката состојба на вака донесените решенија, со предлог мерки за постапување.

Ревизијата не дава препорака бидејќи од страна на Секторот за осигурување и права во случај на невработеност превземени се следниве мерки:

- изготвено е Упатство за начинот и постапката за остварување на права од осигурување во случај на невработеност број 03-846 од 19.05.2009 година, во кое се дефинирани текот и видовите на активности на процесот на остварување на правото на паричен надоместок со што се овозможува превенција од појавување на ризици кои би влијаеле врз донесување на неточно, нецелосно и некомплетно решение за остварување на правото за паричен

надоместок за време на невработеност, како и ризик во однос на точноста на извршените исплати по основ на ова право и
- воспоставена е контрола во процесот на изготвување на Решението за признавање на правото на паричен надоместок и извршена е измена на софтверот за печатење на донесените решенија за признавање на правото на паричен надоместок и доставено е Известување до центрите за вработување согласно кое постапката за остварување на правото на паричен надоместок е подлежена на три степени на контрола.

## Активни програми и мерки за вработување

Во Програмата за работа на Владата на Република Македонија 2008-2012 утврдени се макроекономски, микроекономски и политики за вработување. Програмата содржи политики и мерки во областа на социјалната заштита со цел да се создаде ефикасен систем на социјална заштита и продуктивно ангажирање на социјално загрозените категории.
Во Програмата се утврдени:
- активните политики за вработување,
- видот на мерките и
- опфатот на лицата од различни целни групи, кои ќе бидат опфатени со имплементација на оперативните програми за секоја година.

Заради успешно спроведување на политиките/мерките за вработување предвидени со Програмата за работа на Владата на РМ 2008-2012 година, во Оперативниот план за 2009 година дефинирани се видот на програмите и активните мерки за вработување, целните групи, потребните средства и изворите на средства, како и конкретни активности и рокови за субјектите надлежни за имплементација на истите.
Со Оперативниот план за 2009 година планирани се средства во вкупен износ од 825.103 илјади денари, распределени по вид на програми и активни мерки за вработување и извори на средства, прикажани во следната табела:

**Преглед за вид на активни програми и мерки, средства и извори на средства потребни за реализација**

во 000 денари

| Реден број | Програми и мерки | Потребни средства | Извори на финансирање |
|---|---|---|---|
| 1 | Програма за самовработување | 127,540 | Министерство за труд и социјална политика |
| 2 | Програма за формализирање на постојни бизниси | 47,000 | Министерство за труд и социјална политика |
| 3 | Програма за подготовка за вработување | 21,547 | Агенција за вработување на Република Македонија; Центар за развој на претприемачи и менаџери; Фондација Претприемачки сервис за млади; УСАИД и Општина Гази Баба. |
| 4 | Програма за субвенционирање на вработување | 339,006 | Агенција за вработување на Република Македонија и Министерство за труд и социјална политика |
| 5 | Организирање на јавни работи | 228,980 | Министерство за труд и социјална политика и Агенција за вработување на Република Македонија |
| 6 | Програма за практиканство | 13,500 | Агенција за вработување на Република Македонија и УСАИД |
| 7 | Пилот анкета за слободни работни места | 730 | УСАИД |
| 8 | Економско јакнење на жени – жртви ан семејно насилство | 35,000 | УНДП |
| 9 | Програма за поддршка за вработување на Роми | 4,800 | Министерство за труд и социјална политика |
| 10 | Јавни огласи и соопштенија | 7,000 | Агенција за вработување на Република Македонија |
| | **ВКУПНО:** | **825,103** | |

Од вкупно планираните средства, од Буџетот на Агенцијата и Буџетот на Министерство за труд и социјална политика обезбедени се средства во износ од 776.783 илјади денари за реализација на активните програми и мерки за вработување. Од овие средства во текот на 2009 година исплатени се 537.095 илјади денари (графикон број 3).

**Графички приказ на исплатени средства од сметката на Агенцијата по видови на активни програми и мерки за вработување**

во 000 денари




**Графикон број 3**

Врз основа на податоците добиени од базата на податоци за исплата на активните програми и мерки за вработување-“Менаџмент информатички систем” извршивме ревизија и утврдивме примерок за кои се исплатени средства во износ од 193.133 иљади денари, што претставува 36% од вкупно исплатените средства од Агенцијата во 2009 година во износ од 537.095 иљади денари за реализирани активни мерки за вработување и тоа во Центрите за вработување Скопје, Прилеп, Битола, Делчево, Кочани, Штип и Струга.

Со ревизија на спроведувањето на активните програми и мерки за вработување, ревизијата констатира одредени состојби кои не се опфатени со  Програмата за субвенционирање на вработување и со Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за

2009 година и тоа во делот на пропишување на обврска на работодавачот корисник на субвенции да доставува доказ дека исплатените плати и придонеси од задолжително социјално осигурување се во согласност со Оперативниот план и склучените договори.

Во текот на спроведување на Оперативниот план за 2009 година и од страна на Агенцијата констатирана е оваа слабост и превземени се мерки, доставено е Известување до Центрите за вработување со кое Центрите за вработување се задолжени да обезбедат доказ за исплатени плати издаден од страна на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Оваа обврска е и составен дел на Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2010 година.

Со спроведената ревизија констатирано е дека со Оперативниот план за 2009 година, 94% од планираните активни програми и мерки за вработување се реализирани (во однос на планираниот број на невработени лица утврден со Оперативниот план за 2009 година). Со овие активности превземени од страна на сите релевантни чинители/институции вклучени во имплементација на Оперативниот план за 2009 година се поттикнува/подига нивото на јавната свест за продуктивно ангажирање на социјалните категории и се придонесува кон намалување на нивото на невработеност.

4.3. Ревизијата ги констатира следните состојби во спроведување на активните програми и мерки за вработување и тоа во делот на **Субвенционирање на вработување на инвалидни лица (Посебен фонд):**

- Од страна на Центрите за вработување Скопје, Кочани, Делчево и Струга не се изготвуваат записници како доказ за извршен увид (член 16 од Законот за вработување на инвалидни лица) кај корисниците на неповратни средства од Посебниот фонд и покрај доставеното Укажување до центрите за вработување за задолжително изготвување на записници за извршен увид кај корисниците на неповратни средства од Посебниот фонд.

Ваквата состојба придонесува Агенцијата да нема увид врз законското и наменското користење на средствата од Посебниот фонд.

Во текот на вршење на ревизијата во горенаведените центри за вработување пристапено е кон изготвување на контролни

записници кои и беа дадени на увид на ревизијата, поради што ревизијата не дава препорака во овој дел.

- Агенцијата во текот на 2009 година решава по поднесени Барања за доделување на неповратни средства од Посебниот фонд, кои барања се поднесени во 2007, 2008 и 2009 година и по кои Агенцијата имала законска обврска да донесе решение во рок утврден со Законот за вработување на инвалидни лица и Законот за општо управна постапка ( да донесе Решение во рок од 60 дена од моментот на поднесување на барањето заклучно за поднесени барања до месец септември 2008 година и 30 дена за поднесени барање од месец септември 2008 година).

Динамиката на решавање на поднесените барања за доделување на средства од Посебниот фонд во 2009 година е прикажана во Графиконот број 4.

**Графички приказ на решени/одобрени Барања за доделување на средства од Посебниот фонд во 2009 година**




**Графикон број 4**

Од страна на Централната служба на Агенцијата изготвена е Информација за состојбата со доделувањето средства од Посебниот фонд за вработување и работење на инвалидни лица во која е наведено дека недостигот на финансиски средства во Посебниот фонд е главната причина за ненавремено одлучување по поднесените барања. Недостигот на финансиските средства е резултат на:

- измените и дополнувањата на Законот за вработување на инвалидни лица и тоа во делот на : намалување на процентот

што се издвојува за Посебниот фонд од придонесот за вработување; не се утврдени критериуми за доделување на неповратни средства во износ од 200 просечни исплатени плати во РМ во претходната година за набавка на опрема и со Законот за вработување на инвалидни лица (Службен весник на РМ бр.44/00...62/2005 кој стапил на сила на ден 05.08.2005 година), бил запрен приливот на средства во Посебниот фонд се до 01.01.2007 година и

- Одлуката на Влада на РМ во 2005 година со која е извршена незаконска пренамена на средства во износ од 70.000 илјади денари од сметката на Посебниот фонд кои средства се строго наменски на сметката на УНДП за проектот "Посредување при вработување на високо образовни млади невработени„ што е констатирано во точка 11.3.1. од Конечниот извештај на Овластениот државен ревизор за 2005 година.

Како резултат на наведената состојба Агенцијата со ден 31.12.2009 година нема постапено во законски утврдениот рок по вкупно 353 барања кои се поднесени во 2008 и 2009 година.

**Препорака**
Агенцијата во соработка со надлежните институции да преземе мерки за навремено обезбедување на потребните финансиски средства со што ке се овозможи доделувањето на неповратни средства од Посебниот фонд да се врши во законски предвидените рокови.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење на компонента на финансиските извештаи

Според наше мислење компонентата на финансиските извештаи Плаќање на надоместоци од Агенцијата во делот на остварување на права од осигурување во случај на невработеност и спроведување на активните програми и мерки за вработување во Агенцијата, ги претставува вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Агенцијата за вработување на Република Македонија на ден 31.12.2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во компонентата на финансиските извештаи Плаќање на надоместоци од Агенцијата во делот на остварување на права од осигурување во случај на невработеност и спроведување на активните програми и мерки за вработување во Агенцијата, во сите материјални аспекти, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

Без да го квалификуваме нашето мислење обрнуваме внимание на следново::

Во тек се повеќе судски постапки, чиј исход ќе има влијание на билансните позиции на Билансот на состојба на Фондот и тоа:

- Поведени се 7 судски постапки во вкупен износ од 5.369 илјади денари во кои тужител е Агенцијата и тоа по основ на раскинување на договор и враќање на парични средства исплатени од Посебниот фонд;
- 7 судски постапки во кои тужител е Агенцијата и тоа по основ на поврат на паричен надоместок во вкупен износ од 649 илјади денари и
- Исто така поведени се 9 судски постапки во кои тужена е Агенцијата по основ на надомест на штета, и тоа за 8 судски постапки во моментот на поднесување на тужбата не е одредена вредноста на спорот.

**Скопје, 06.09.2010 година**

## КОМПОНЕНТАТА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ – ПЛАЌАЊА НА НАДОМЕСТОЦИ ОД АГЕНЦИЈАТА

| **Опис** | **Извршено 2009** | **Буџет 2009** | **Извршено 2008** | **Разлика** |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=(3-2) |
| Плаќања на надоместоци од Агенцијата за вработување | 4,083,834 | 4,256,449 | 4,524,643 | 172,615 |
| **Вкупно:** | **4,083,834** | **4,256,449** | **4,524,643** | **172,615** |

Прилог број 1

**Преглед на Раководители на Центри за вработување на Агенција за вработување на Република Македонија, предмет на ревизија**

| Реден број | Име и презиме на Раководител | Центар за вработување |
|---|---|---|
| 1 | Влатко Поповски | Скопје |
| 2 | Маринчо Чапевски | Делчево |
| 3 | Иванка Личкова | Кочани |
| 4 | Снежана Маролова | Штип |
| 5 | Џевит Зиба | Струга |
| 6 | Силвана Пашовска | Прилеп |
| 7 | Усни Сулејмани | Битола |

Прилог број 2

## Резултати

**Од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор бр.2009 05 05 од 23.03.2010 година за Агенција за вработување на Република Македонија**

| Бр./врска на наодот/ препораката во конеч.изв.на ОДР | Наод | Ревизорска област Препорака | Статус на препораката | Коментар на ревизорот/субјектот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| | **10.1. Систем на интерни контроли во процесите** | | | |
| 10.1.1. алинеа 1 и 2 | - Агенцијата заклучно со месец август 2006 година, освен одредбите од законот, има отсуство на методологија, интерни акти/упатства кои би го регулирале процесот на одлучување и донесување на решение за право на користење на паричен надоместок во случај на невработеност и исплата по истото, со што би се избегнале случајни грешки или измами. Од страна на Секторот за активни политики во месец септември 2006 година изработен е Преглед на потребни документи за остварување на правото на паричен надоместок при престанок на работен однос, и истиот е доставен до секој центар за вработување заради унифицираност на постапката за остварување на правото на паричен надоместок.<br>- нема пишани процедури за текот и видовите на | Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да обезбедат доследна примена на донесеното Упатство за начинот и постапката за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност. | Препораката е спроведена | Обезбедена е доследна примена на Упатството за начинот и постапката за остварување на правата од осигурување во случај на невработеност. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | активности на процесот.<br>Отсуството на пишани процедури (за донесени Решенија за признавање на правото на паричен надоместок до месец август 2006 годин,разграничување на одговорностите и должностите/непостоење нефукционирање на контролни постапки во одделни сегменти од процесот создава ризик од недоследно почитување на законската регулатива и ризик од незаконска и ненаменска исплата на средства по основ на горенаведеното право.<br>Од страна на Секторот за осигурување и права во случај на невработеност изготвено е Упатство за начинот и постапката за остварување на права од осигурување во случај на невработеност број 03-846 од 19.05.2009 година, во кое се дефинирани текот и видовите на активности на процесот на остварување на правото на паричен надоместок со што ќе се овозможи превенција од појавување на ризици кои би влијаеле врз донесување на неточно, нецелосно и некомплетно решение за остварување на правото за паричен надоместок за време на невработеност, како и ризик во однос на точноста на извршените исплати по основ на ова право. | | | |
| 10.1.1.<br>алинеа 3 | - не е извршено разграничување на одговорностите и должностите<br>(мал број на извршители во одделни центри за вработување). Комплетирање на документацијата, внес на потребните податоци, компјутерска изработка на Пресметката на висината на паричниот | Надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата да извршат анализа на Правилникот за систематизација на | Препораката е спроведена | Во текот на вршење на ревизијата од страна на Агенцијата превземи се мерки и извршена е измена на софтверот за печатење |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | надоместок, изработка на Решение за признавање на право на паричен надоместок, негова авторизација и проследување на предметот во понатамошна постапка на остварување на правото на паричен надоместок (авторизација од страна на раководителот), се врши од страна на едно лице. Концентрирањето на сите активности кај едно лице, без контрола за точноста на внесените податоци, создава ризик истите да не се засновани/внесени врз основа на реални и вистинити документи, како и можност од случајни грешки. | работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, заради дефинирање на структурата на вработени согласно потребите на постапката за остварување на правото на паричен надоместок. | | на решенија за остварување на правото на паричен надоместок и доставено е Известување до центрите за вработување согласно кое постапката за остварување на правото на паричен надоместок е подлежена на три степени на контрола. |
| | **10.2. Неправилна примена на акти** | | | |
| 10.2.1. | Агенцијата врши исплата на плати на вработените врз основа на Правилник за основите и мерилата за самоуправно уредување на односите во стекнувањето и распоредувањето на доходот и чистиот доход и распределбата на средствата за лични доходи и заедничка потрошувачка и други лични примања и надоместоци на работниците одделно за Централата и поединечните центри, донесени јули 1987 година, кои правилници не се усогласени со Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност, Законот за исплата на платите, Законот за работни односи, Општ колективен договор за јавен сектор | Надлежните органи за управување и раководење во соработка со претставниците од синдикалната организација да пристапат кон уредување на правата и обврските од редовен работен однос, да донесат колективен договор кој ќе претставува основ за | Спроведување на препораката е во тек | Од страна на надлежните органи за управување и раководење со Агенцијата, превземени се активности за изготвување и донесување на акт за исплата на плати и надоместоци кој се предлага да биде вклучен во колективен договор, но за истиот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | во РМ, како ни со Правилникот за организација и работа на Агенцијата за вработување на Македонија. Поради неусогласеност со законската регулатива, Агенцијата пресметува и исплаќа плати врз основа на законски и подзаконски акти кои се неважечки, а со примена на критериумите и мерилата за пресметка на плата од горенаведените правилници, Агенцијата за исти работни места, за ист вид работи и работни задачи исплаќа различен износ на плата на вработените во различни центри за вработување, што придонесува нееднаквост помеѓу вработените.<br>Во текот на 2009 година донесени се измени и дополни на одредбите од Законот за работни односи и тоа во делот кој го уредува донесувањето на колективните договори, со кои е пропишано донесување на општ колективен договор за јавниот сектор, во кој спаѓа и Агенцијата. | изготвување на актот за утврдување на платите на вработените. | | сеуште не е постигната согласност со синдикалната организација. Согласно одредбите од Законот за јавни службеници до крајот на 2010 година потребно е да се донесе наведениот Правилник за плата. |